**20240611429**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Врз основа на член 15 став (7) од Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/24), министерот за култура донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ДОБИВАЊЕ ЛЕКТОРСКА ЛИЦЕНЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на барањето за полагање на испитот за добивање лекторска лиценца.

Член 2

(1) Барањето за полагање на испитот за добивање лекторска лиценца се поднесува на образец што се печати на хартија во бела боја со А4 формат и содржи: натпис „БАРАЊЕ за полагање на испитот за добивање лекторска лиценца“; податоци за барателот: име и презиме, матичен број на граѓанинот (МБГ), адреса (место на живеење, улица и број), телефонски број за контакт и електронска адреса; податок за кој месец во тековната година се поднесува барањето; место за наведување докази за исполнување на условот за полагање на испит за добивање на лекторска лиценца што се доставуваат во прилог на барањето; датум и место за своерачен потпис со полно име и презиме на барателот.

(2) Образецот на барањето за полагање на испит за добивање лекторска лиценца е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за образецот на барањето за полагање испит за добивање лекторска лиценца („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/18).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 53-3440/1
12 март 2024 година
Скопје

Министер за култура,
**Бисера Костадиновска-Стојчевска,** с.р.

Прилог

БАРАЊЕ

за полагање на испитот за добивање лекторска лиценца

| |
|---|
| **Податоци за барателот:** |
| Име и презиме: |
| Матичен број на граѓанинот (МБГ), |
| Адреса  (место на живеење, улица и број) |
| Телефонски број за контакт |
| Електронска адреса |

| |
|---|
| Барањето се поднесува за полагање испит за добивање лекторска лиценца во месец ______________во тековната година. |

| |
|---|
| Кон ова барање се приложува следниот доказ за исполнување на условот за полагање на испит за добивање лекторска лиценца:<br>-<br>-<br>- |

| | |
|---|---|
| Датум: | Барател:<br>______________________________________________<br>(своерачен потпис со полно име и презиме) |